**Давател на услуги за иницирање на плаќање:** Стопанска банка АД Скопје

**Адреса:** Ул. 11 Октомври број 7, Скопје

**Електронска пошта:** kontaktcentar@stb.com.mk

**Надлежен орган за надзор:** Народна Банка на Република Северна Македонија

## ОПШТА ПОНУДА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ ЕДНОКРАТНА ПЛАТЕЖНА УСЛУГА БРЗ ТРАНСФЕР НА ПАРИ ПРЕКУ WESTERN UNION

Стопанска банка АД Скопје (СБ), како Агент на WESTERN UNION, еднократната платежна услуга брз трансфер на пари ја врши во своите Филијали со уплата или исплата во готово на ефективни странски пари.

Оваа услуга се врши во валута EUR и USD со лично присуство на испраќачот или примачот на средствата на шалтерите во Филијалите на СБ.

Еднократната платежна услуга брз трансфер на пари преку WESTERN UNION, можат да ја користат домашни и странски физички лица, со навршени најмалку 18 години. Оваа услуга се извршува помеѓу две различни физички лица. Оваа услуга е наменета за праќање на ефективни странски пари од Република Северна Македонија во странство или за исплата на ефективни странски пари пратени преку системот на WESTERN UNION од странство во Република Северна Македонија. Трансакциите за брз трансфер на пари преку WESTERN UNION може да се испраќаат и примаат на повеќе локации на Агентите на WESTERN UNION. Трансферите на пари, примачот најчесто може да ги подигне за 10 минути во зависност од работното време на Агентот на WESTERN UNION кој ги исплаќа парите. Услугата трансфер на пари "Следен ден/2 Дена" се достапни на барање во ограничен број земји и можат да се подигнат по 24, односно 48 часа. Ограничувањата во надминување на износите, регулаторни ограничувања или други рестрикции во одредени земји може да ја одложат трансакцијата.

За секоја трансакција брз трансфер на пари, испраќачот или примачот е должен да се идентификува со документ за лична идентификација (лична карта или пасош).

Услугата брз трансфер на пари, корисникот може да ја користи за испраќање или за примање пари од странство.

- *Испраќање на пари во странство*

  Испраќачот на парите, должен е на СБ да ги обезбеди следниве информации:

  **-Име и презиме на примачот** (со печатни латинични букви како што е името и презимето на документот за лична идентификација кој ќе биде презентиран при подигнувањето на средствата)

  **-Земја каде се праќаат парите**

  **-Износ за праќање и валута**

Највисокиот месечен износ на извршени еднократни прекугранични платежни трансакции врз основа на парични дознаки иницирани од плаќач во Република Северна Македонија за примач во странство преку поединечен давател на платежни услуги изнесува 2.500 евра или соодветна противвредност во други валути.

По извршената трансакција брз трансфер на пари, СБ на испраќачот му го соопштува Контролниот број на трансакцијата (MTCN), кој испраќачот е должен да му го соопшти на примачот, заедно со другите задолжителни елементи од трансакцијата (име и презиме на испраќачот, земја од каде се праќаат парите и испратен износ и валута). Податоците за трансакцијата се доверливи и испраќачот не треба да ги дава на други лица освен на примачот. СБ и WESTERN UNION во никој случај нема да бидат одговорни доколку испраќачот соопшти податоци за трансакцијата на друго лице освен на примачот.

За испраќачот не е препорачливо праќање на пари на лице кое тој не го познава. Ниту СБ, ниту WESTERN UNION нема да одговараат за било каква штета која би ја имал испраќачот доколку се праќаат пари на лице кое испраќачот не го познава.

Ниту СБ, ниту WESTERN UNION не гарантира за испораката или соодветноста на било какви производи или услуги кои евентуално се платени преку брз трансфер на пари преку WESTERN UNION.

- *<u>Примање на пари од странство</u>*

Примачот на парите е должен на СБ да ги обезбеди следниве информации за трансакцијата:

**-Број на трансакција (MTCN)**

**-Име и презиме на испраќачот** (со печатни латинични букви)

**-Земја од каде се праќаат парите**

**-Испратен износ и валута**

Највисокиот дневен износ на извршени еднократни прекугранични платежни трансакции врз основа на парични дознаки иницирани во странство за примач во Република Северна Македонија преку поединечен давател на платежни услуги изнесува 5.000 евра или соодветна противвредност во други валути.

**НАДОМЕСТОЦИ**

За еднократната платежна трансакција праќање на пари во странство преку услугата брз трансфер на пари преку WESTERN UNION, испраќачот плаќа надоместок согласно Тарифата на услуги брз трансфер на пари преку WESTERN UNION:

**ТАРИФА НА УСЛУГИ БРЗ ТРАНСФЕР НА ПАРИ ПРЕКУ WESTERN UNION**

* НАДОМЕСТОКОТ ЗА ВРШЕЊЕ НА УСЛУГИТЕ ЗА БРЗ ТРАНСФЕР НА ПАРИ СЕ ПЛАЌА ВО ДЕНАРСКА ПРОТИВВРЕДНОСТ ПО СРЕДЕН КУРС НА НБРСМ НА ДЕНОТ НА УПЛАТАТА СОГЛАСНО ИЗНОСИТЕ НАВЕДЕНИ ПОДОЛУ

**Брз трансфер на пари од Република Северна Македонија кон:**

**Србија, Косово, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Хрватска, Албанија и Грција**

| ТРАНСАКЦИИ ВО ЕВРА | | ТРАНСАКЦИИ ВО АМЕРИКАНСКИ ДОЛАРИ | |
|---|---|---|---|
| Пратен износ | Надомест во ЕУР | Пратен износ | Надомест во УСД |
| До 100 | 4,00 | До 200 | 8,40 |
| 100,01-200 | 8,00 | 200,01-400 | 12,00 |
| 200,01-300 | 10,00 | 400,01-500 | 14,40 |
| 300,01-500 | 12,00 | 500,01-750 | 16,20 |
| 500,01-600 | 15,00 | 750,01-1.250 | 30,00 |
| 600,01-1.000 | 19,00 | 1.250,01-1.500 | 36,00 |
| 1.000,01-1.500 | 19,00 | 1.500,01-1.750 | 42,00 |
| 1.500,01-2.000 | 19,00 | 1.750,01-2.000 | 50,40 |
| 2.000,01-2.500 | 19,00 | Над 2.000 | 52,00 |
| Порака 1,50 евра | | Порака 2,00 долари | |

**Брз трансфер на пари од Република Северна Македонија кон сите останати дестинации:**

| ТРАНСАКЦИИ ВО ЕВРА | | ТРАНСАКЦИИ ВО АМЕРИКАНСКИ ДОЛАРИ | |
|---|---|---|---|
| Пратен износ | Надомест во ЕУР | Пратен износ | Надомест во УСД |
| До 100 | 7,00 | До 200 | 8,40 |
| 100,01-200 | 10,00 | 200,01-400 | 12,00 |
| 200,01-300 | 12,00 | 400,01-500 | 14,40 |
| 300,01-500 | 13,50 | 500,01-750 | 16,20 |
| 500,01-1.000 | 25,00 | 750,01-1.250 | 30,00 |
| 1.000,01-1.500 | 30,00 | 1.250,01-1.500 | 36,00 |
| 1.500,01-2.000 | 35,00 | 1.500,01-1.750 | 42,00 |
| 2.000,01-2.500 | 42,00 | 1.750,01-2.000 | 50,40 |
| | | Над 2.000 | 52,00 |
| Порака 1,50 евра | | Порака 2,00 долари | |

Во случај на различна валута на испраќање и валута на исплата на средствата на дестинацијата, износот на средствата кои ќе бидат исплатени во валутата на дестинацијата е зависен од курсот кој го определува WESTERN UNION, важечки во моментот на испраќање на средствата. Девизниот курс и износот во соодветната валута кој ќе биде исплатен на дестинацијата ќе биде прикажан на самиот Образец за испраќање на пари. Во мал број земји локалните прописи налагаат валутата да се конвертира во моментот на исплата кон примачот и во тој случај, девизниот курс и износот во валутата кој ќе биде исплатен на дестинацијата (кои ќе бидат прикажани на самиот Образец за испраќање на пари) може да биде предмет на флуктуација на девизниот курс од моментот на испраќање до моментот на исплатата на средствата. За еднократната платежна трансакција прием на пари од странство преку услугата брз трансфер на пари преку WESTERN UNION, примачот не плаќа никаков надоместок.

**ОСТАНАТИ УСЛОВИ ЗА ВРШЕЊЕ НА УСЛУГАТА БРЗ ТРАНСФЕР НА ПАРИ**

WESTERN UNION врши контрола на сите трансакции според листа на имиња кои ги обезбедуваат владите на земјите во кои WESTERN UNION работи, вклучително и Канцеларијата за контрола на средства и имот во странство (OFAC) при Министерството за финансии на САД и Европската Унија. Доколку се утврди потенцијално совпаѓање, WESTERN UNION врши контрола на трансакцијата со цел да утврди дали името за кое има совпаѓање е лице кое се наоѓа на таква листа. Повремено, потребно е клиентите да обезбедат дополнителни документи или информации за идентификација, што ја одложува трансакцијата. Ова е законска обврска за сите трансакции кои ги обработува WESTERN UNION. WESTERN UNION, неговите Агенти и СБ имаат право да одбијат обезбедување услуга на било кое лице.